Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ
ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА

| Примено: | 20. 05. 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-13

Скопје 20.05.2020г.

До: Управа за јавни приходи

**Предмет: Препраќање претставка за постапување по Ваша надлежност**

Почитувани,

На 17.05.2020 година, по електронски пат до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше доставена Претставка (наш бр.03-13 од 18.05.2020 година), во која се изнесени повеќе наводи.

Агенцијата постапи во врска со наводите коишто се во нејзина надлежност, а за останатите наводи според кои кај операторот Роби ДООЕЛ Штип *„...40% од прибирањето на наплатата оди во кеш...“* како и дека ТВ 24 Вести затајува данок при исплатата на надоместоците на вработените, Ви ја препраќаме Претставката за понатамошно постапување согласно Вашите законски надлежности.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор,**

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Прилози (1):
- Претставка (наш бр.03-13 од 18.05.2020 година)

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**From:** contact <contact@avmu.mk>
**Sent:** Sunday, May 17, 2020 11:45 AM
**To:** zaposta@avmu.mk
**Subject:** [Fwd: Pretstavka]
**Attachments:** Untitled attachment 00030.txt; Untitled attachment 00033.html

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 18.05.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 13 | | |

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: Pretstavka
Date: Sun, 17 May 2020 09:25:20 +0000
To: "contact@avmu.mk" <contact@avmu.mk>

Почитувани вработени во Агенцијата
почитуван директор Трајчевски
Имам 3 претсавки за флангрантно кршење на повеќе законски одредби во Македонија и сите се речиси дел од кривична постапка
1. Кабелскиот оператор што оди преку сателит Тотал ТВ , на моето семејство му поставуваше антена, но ги замоли , верувале или не да не кажуваат дека се гледаат неколку приватни канали , мислам Телма и Канал 5, зашто договорите им биле истечени и од невнимание ќе ги продолжеле?! Ако се истечени, зошто им ја продаваат услугата, и воедно правата кривични дела - измама на потрошувачи, потоа на телевизиите кои не знаат можеби дека овие скришно ги емитуваат?
2. Ја следам борбата меѓу кабелските оператори и националните телевизии, борба која ја води Телекабел. пошто имам штипско потекло, сигурно знаете дека најмаку 40% од прибирањето на наплатата оди во кеш, но најважно е следното.
Како може според наш закон Роби, кој јасно и гласно си кажа дека е газда на Телекабел и на 24 ТВ, да остане без кривична пријава од ваша страна? Лани или оломнани ако не се лажам имавте седница и тоа интервју го нарековте мала шега на Роби? Зарем не можете да го видите тект на парите? Имам другари во 24тв кои велат дека цело време дава позајмици, а законот ако несум грешка вика повеќе од 50% во текот на годината, истородна фирма или газда не може да предлува пари на сестринска фирма?
Барам од вас директоре, повторно да свикате седница да се пушти јавно тоа интервју , да видите со финансиска полиција и УЈП и конечно да се консатира криминалот кај овој човек , кој досега веќе лежеше во затвор.
3. Повторно кај 24вести телевизијата, зошто не рповерите на колкав минималец се пријавени поголем дел од нив? Неколку мои пријатели штипјани тврдат дека така го затајуваат данокот, плаќаат само за 15.000 денари а остатоткот им се дава како додатоци , прекувемени, за успех и сл. каде данокот далеку помал. Исто така тие пари не им влегуваат во пензиски фонд.
Брама темелна истрага и за ова кривилно дело, за да конечно јавнста ја дознае вистината на големот газда Роби

Со почит,

Sent with [ProtonMail](https://protonmail.com) Secure Email.
--
This message has been scanned for viruses and
dangerous content by MailScanner, and is
believed to be clean.